Бр. 02-459/16
6.7.2022 год.

Врз основа на член 136 од Законот за високото образование, („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21), член 49 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.530/2020), а по предлог на Совет на студиската програма, Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна –Скопје, на 19.та седница, одржана на 6.7.2022 година, **д о н е с е** :

О Д Л У К А
за формирање комисија за оцена на пријавена тема за изработка на докторска дисертација

1. Се формира Комисија за оцена на пријавена тема за изработка на докторска дисертација под наслов„Систематска припадност на некои видови од родот Triticum врз основа на полиморфизмот на морфолошките и молекуларните маркери", пријавена и изработена од м-р Ленора Ќоку Руфати со бр. на индекс 16, во состав:

Проф. д-р Силвана Манасиевска, редовен професор на ФЗНХ-Скопје, ментор,
Проф. д-р Елизабета Мискоска Милевска, редовен професор на ФЗНХ-Скопје, член,
Проф. д-р Рената Ќуштеревска, редовен професор на ПМФ-Скопје, член,

2. Комисијата за оцена на темата е должна **во рок од три месеци** од денот на поднесувањето на пријавата, односно по повторното поднесување по дорабoтката, да поднесе извештај до наставно-научниот, односно научниот совет и до советот на студиската програма, со предлог за прифаќање или неприфаќање на темата за изработка на докторската дисертација.
Должината на извештајот изнесува од 5 до 10 страници, формат А4, со единечен проред. Извештајот на комисијата за оцена на темата содржи:
- име на кандидатот и работен наслов на темата;
- образложување на темата, која треба да содржи:
  предмет на истражување,
  состојба на научното подрачје во кое се работи дисертацијата,
  цел на изработката на дисертацијата,
  очекуван научен придонес;
- доколку се очекува резултатот од истражувањето да биде практично применлив, треба тоа да се нагласи;
- заклучок со предлог до наставно-научниот, односно научниот совет и до советот на студиската програма;
- оригинални потписи на членовите на комисијата.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ТЕЛ: +389 2 3255100
ДЕКАН: +389 2 3238218
ФАКС: +389 2 3134310

PHONE: +389 2 3255100
DEAN: +389 2 3238218
FAX: +389 2 3134310

П.Фах 297 , 1000 Скопје, Република Северна Македонија P.O.Box 297, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
http://www.fznh.ukim.edu.mk

ПРИЛОГ:
- примерок од доставена пријава за изработка на докторска дисертација

ДОСТАВЕНО ДО:

-членовите на Комисијата

-Одделение за студентски прашања

-архивата

ДЕКАН

Проф. д-р Вјекослав Танасковиќ

Изработил: Х.Јакимовска

ТЕЛ: +389 2 3255100
ДЕКАН: +389 2 3238218
ФАКС: +389 2 3134310

PHONE: +389 2 3255100
DEAN: +389 2 3238218
FAX: +389 2 3134310

П.Фах 297 , 1000 Скопје, Република Северна Македонија P.O.Box 297, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
http://www.fznh.ukim.edu.mk